Ко-финансирано од Европска Унија

WBF Western Balkans Fund
Supporting Common Projects

Зајакнување на филантропијата во заедниците на Западен Балкан

Приказна за отпорност и грижа



KONEKT

trag FOUNDATION

FONDACIJA TUZLANSKE ZAJEDNICE
Darujte zajednici, darovali ste sebi !

Содржина

1. **Посветеност кон промени: Влијанието и важноста на фондациите на заедницата на Балканот** 5

2. **Растеме заедно: Развој на различни модели на фондации на заедницата во Србија, Босна и Херцеговина и Северна Македонија** 9


3. **Силни и уникатни: Клучни карактеристики на фондациите на заедницата на Балканот** 13

4. **Трасирање на сопствениот пат: Сјајни примери за собирање средства и доделување грантови** 17

5. **Поглед кон иднината: Како да изградиме трајна мрежа на поддршка надвор** 24

6. **Мапирање на движењето: Фондации на заедницата и организации за поддршка во Србија, Босна и Херцеговина и Северна Македонија** 28

1. Посветеност кон промени: Влијанието и важноста на фондациите на заедницата на Балканот



Посветеност кон промени

Фондациите на заедницата се независни субјекти што делуваат во локалната заедница. Тие се значаен ресурс и извор на поддршка за граѓанските организации и активистичките групи. Вкоренети во заедницата, признаени и почитувани од заинтересираните страни и од граѓаните, успешните фондации на заедницата претставуваат мост меѓу оние кои имаат иницијатива и идеи и оние кои можат да ја поддржат реализацијата на тие идеи.

Фондациите на заедницата дејствуваат во одредена географска област, без разлика дали станува збор за општина, град, округ или регион, каде што се позиционирани за да одговорат на локалните потреби и можности. Искуството покажува дека фондациите формирани во области со население помеѓу 50 000 и 500 000 жители имаат тенденција да бидат најуспешни. Овој опсег овозможува блиска поврзаност со заедницата, овозможувајќи поддршка на разновиден спектар на граѓански иницијативи и градејќи стабилна платформа за ефикасно собирање средства на локално ниво. Фондациите на заедницата дејствуваат како донатори, нудејќи финансиска и други видови поддршка за граѓански иницијативи чија цел е подобрување на секојдневниот живот во нивните заедници. Преку континуирани напори за собирање средства, тие мобилизираат локални ресурси од поединци, бизниси и други поддржувачи, и ги реинвестираат во развојот на заедницата преку отворени повици. Во својата суштина, фондациите на заедницата се простори каде што луѓето се здружуваат, разменуваат идеи и наоѓаат заедничка основа за дејствување, на тој начин градејќи подлабоко чувство на доверба и припадност. Тие се втемелени во заедницата, обликувани од луѓето на кои им служат и посветени на зајакнување на локалните капацитети и на граѓанскиот ангажман.

Тие фондации имаат трајно влијание во нивните заедници преку транспарентно создавање и управување со фондови насочени кон одредена цел и преку поддршка на локални иницијативи коишто го подобруваат квалитетот на живот. Тие финансираат широк спектар на активности: културни, образовни, еколошки, граѓански и сл., а истовремено обезбедуваат нефинансиска поддршка како што се совети, вештини и знаење за да помогнат во успешното реализирање на иницијативите. Покрај општото доделување грантови, тие понекогаш управуваат со тематски и наменски фондови кои честопати се воспоставени во партнерство со различни донатори за цели на решавање конкретни проблеми или поддршка на долгорочни решенија. Фондациите на заедницата исто така се ангажираат во нивната средина преку настани кои поттикнуваат солидарност и заедничко дејствување, а истовремено ја градат филантропијата во заедницата и развиваат стратегии за собирање средства. Тие се посветени на транспарентноста и на довербата на јавноста и отворено комуницираат за своите цели и за собраните и распределени средства. Тие се предмет на годишни независни ревизии и објавуваат извештаи коишто го одразуваат нивното програмско и финансиско работење.

Една од најбрзо растечките форми на организирана социјална филантропија во светот денес се фондациите на заедницата. Според извештајот на Европската иницијатива за фондации на заедницата (ЕЦФИ) од 2022 година, во моментов постојат над 850 фондации „на заедницата“ коишто функционираат во 22 европски земји. Во светски рамки, во моментов има над 1500 такви фондации и секоја од нив на свој уникатен начин гради витални и

надежни заедници во соработка со активни граѓани.

Влијанието што фондациите на заедницата го имаат врз контекстот во којшто делуваат е значајно – нивната работа позитивно влијае врз активизмот, локалниот развој и општествените промени на повеќе нивоа. Преку обезбедување поддршка за локални иницијативи, фондациите на заедницата покажуваат активна солидарност, ги негуваат искрите на организирање во рамките на заедницата и ги мобилизираат членовите на заедницата за заедничко подобрување на квалитетот на живот. Во општествените средини во кои институциите не одговараат на потребите на граѓаните и каде што довербата е нарушена, фондациите на заедницата играат важна улога во процесот на обновување на довербата и на односите. Преку отворена комуникација, обезбедување видливи резултати и опипливи промени, водени од неприкосновените принципи на транспарентност и отчетност, фондациите на заедницата покажуваат дека навистина постои некој што слуша и што обезбедува поддршка. Нивната најголема сила лежи во природната способност да поттикнат и изградат заедница од експерти и ентузијасти — да ги инспирираат да вложат време, енергија и контакти, создавајќи ја притоа основата за филантропија во заедницата. Поддршката што фондациите на заедницата ја генерираат и ја распределуваат преку фондови, совети и едукација игра улога на катализатор за други форми на граѓански ангажман и полека, но сигурно ја менува културата во заедницата и во општеството, на тој начин уверувајќи ги граѓаните дека малите победи и успеси навистина се можни, дури и кога промените на пошироко, општествено ниво сè уште изгледаат недостижни. Способноста да ја победат апатијата и да поттикнат дејствување ги става фондациите на заедницата во значајна улога на лидери и промотори на одржливи општествени промени.

Дефиниција за фондација на заедницата

Што е тоа во овој концепт што одекнува кај луѓето ширум светот, во различни култури и во различни општествени контексти и потреби, како во урбаните така и во рурални средини?

Фондациите на заедницата имаат бројни заеднички карактеристики, но и покрај тоа не постојат две целосно идентични фондации. Во движењето на фондациите на заедницата постои една изрека – ако си видел една фондација на заедницата, си видел една фондација на заедницата! Секоја од нив е обликувана од локалната традиција, историја и култура со цел да може да ги задоволи потребите на локалната заедница во која делува. Прилагодливоста на концептот е токму она што го прави овој модел на општествен развој континуиран, одржлив и, пред сè, оправдан. Како непрофитни организации финансирани од различни донаторски и јавни извори, кои „враќаат“ и инвестираат средства во географската област каде што делуваат, најчесто во форма на неповратни „грантови“, фондациите на заедницата се институции основани во конкретна географска област од страна на локалното население, посветени на развојот на заедницата, без оглед на името или дефиницијата што ја користиме за да ја опишеме нивната работа (Mazany & Perry, 2014).

Посветеност кон промени

ДОВЕРЛИВ ЧУВАР
Привлекува и здружува ресурси за јавно добро, за денес и за иднината, и транспарентно ги дистрибуира тие ресурси.

ЛОКАЛЕН ДАВАТЕЛ НА ГРАНТОВИ
Собира финансиски средства од различни донатори (поединци, компании, дијаспора, државни и меѓународни фондови).

ЛОКАЛЕН РЕСПОНДЕР
Мобилизира локални ресурси за обезбедување средства за локално поставени прашања, како што се образование, сиромаштија, развој на заедницата и слично.

ФОНДАЦИИ НА ЗАЕДНИЦАТА

ЗАСТАПНИК
Презема лидерска улога во јавноста за прашања важни за заедницата.

ГРАДИТЕЛ НА МОСТОВИ
Создава средина за меѓусекторска соработка, особено кога постои клима на јавна недоверба во институциите.

2. Растеме заедно: Развој на различни модели на фондации на заедницата во Србија, Босна и Херцеговина и Северна Македонија



Растеме заедно

Но, како растат фондациите на заедницата? Како започнува приказната за континуирана поддршка и ангажман? Постојат многу начини и пристапи за развој на успешни фондации на заедницата, а ние ќе ги споделиме примерите од Србија, Северна Македонија и Босна и Херцеговина и нивните движења на фондации на заедницата.

Водена од успешните приказни на движењата на фондации на заедницата во Романија и Унгарија, на почетокот од 2020 година Фондацијата Траг ја разви прилагодената програма „Фондација од нашиот крај – заедницата се прашува“ во Србија. Спроведувањето на програмата подоцна продолжи во Босна и Херцеговина, што резултираше со создавање на 9 фондации на заедницата – 6 во Србија, а 3 во Босна и Херцеговина. Пристапот на Траг има за цел да ги трансформира неформалните граѓански групи (составени од најмалку 3 лица со историја на соработка во каква било форма на граѓански ангажман и основно искуство во собирање средства) во функционални фондации на заедницата кои континуирано собираат средства и обезбедуваат финансиска поддршка за различни иницијативи преку отворени повици. Овие неформални групи добиваат менторска поддршка од тимот на Траг, со цел да се трансформираат од активисти во заедницата во лидери на фондации на заедницата, одговорни за негување и развој на активизмот и филантропијата во заедницата. Траг исто така ја стави на располагање сопствената организациска инфраструктура за да служи како инкубатор на фондации на заедницата: во текот на почетната фаза од нивниот развој, кога фондациите на заедницата сè уште делуваат како иницијативна група, Траг функционира како фискален агент. Во пракса, тоа значи дека врши собирање донации во нивно име на посебни наменски сметки, следење на донациите и донаторите, поддршка на активностите за собирање средства и административно покривање на процесот на склучување договори, со истовремено обезбедување програмска поддршка, развивање на вештините и знаењето на иницијативните групи за собирање средства, мобилизација на заедницата, стратешко планирање, доделување грантови и институционално функционирање на фондацијата на заедницата. Во иднина, Траг ќе работи на обезбедување поддршка и развој на мрежата на фондации на заедницата, континуирано споделувајќи ги експертизата и знаењето акумулирано од граѓанскиот сектор во изминатите 26 години.

Пред програмата којашто ја спроведе Траг, пред 22 години, **Фондацијата на заедницата Тузла** се појави како прва фондација на заедницата во Босна и Херцеговина, основана од жителите од регионот на Тузла и развиена од посветени професионалци и ентузијасти. Од самиот почеток, нејзината улога беше да ги зближува луѓето, да ги поддржува локалните иницијативи и да го поттикнува активното граѓанство, станувајќи движечка сила за позитивни општествени промени во регионот. Таа ги јакне поединците и групите, особено младите луѓе и оние од маргинализираните заедници, преку обуки, менторство и грантови, а во исто време негува култура на локално донирање и солидарност. Со текот на годините, Фондацијата ги обликуваше своите програми околу приоритетите на заедницата, со фокус на јакнење на младите, развој на заедницата, отворено образование и локално претприемништво. Паралелно, таа споделуваше знаење и практики за собирање средства со други актери во земјата, работејќи на подигање на свеста за важноста на создавањето поволна филантропска инфраструктура на национално ниво. Со прилагодување на овие модели на социо-економскиот контекст на Босна и Херцеговина, Фондацијата на заедницата Тузла се позиционираше како организација за ресурси којашто поддржува не само граѓански иницијативи, туку и организации на граѓанското

општество низ целата земја за собирање средства за нивните добри каузи преку нивната платформа за групно финансирање Doniraj.ba. Бидејќи граѓанското општество во регионот останува во голема мера зависно од странски донатори, оваа платформа создава можност за мобилизирање ресурси од локалните донатори и дијаспората, особено за иницијативи за развој на заедницата, наместо хуманитарна помош. Гледајќи напред, Фондацијата ќе ја продолжи оваа мисија во новоизградениот Центар за демократија, којшто е замислен како дом за граѓанските организации, за младите и активните граѓани, и како простор за поттикнување иновативни идеи и зајакнување на меѓусекторската соработка во корист на општеството.

Во Северна Македонија, **Конект** зазеде малку поинаков пристап и се соочи со предизвикот да ги трансформира организациите базирани на заедницата во фондации на заедницата. Идејата останува иста - експертите за заедницата веќе ги совладаа вештините за организирање на заедницата и мобилизирање ресурси, што им обезбеди на организациите одлична почетна точка. Правната и социјалната рамка на земјата го обликуваше овој процес: регулирањето на фондациите започна дури од 1998 година, при што повеќето беа создадени од компании и базирани на корпоративни донации, додека локално вкоренетите примери, како Фондацијата за развој на локалната заедница во Штип, покажаа потенцијал за проактивните заедници да го подобрат квалитетот на животот. Сепак, граѓанското општество останува зависно од донатори, при што странските средства ги покриваат повеќето активности, а домашната поддршка од поединци и компании е ретка, што ги ослабува меѓусекторските врски и го ограничува колективното дејствување. За да се спротивстави на ова, Конект воспостави Локални акциски јадра координирани од локални лидери и поддржани од меѓусекторски лидерски групи на локалните јадра коишто обезбедуваат разновидност и граѓанско учество. Преку менторство и обука, Конект ги воведува клучните елементи на фондациите на заедницата (ФЗ) во контекст каде што постои природен капацитет за создавање целосно развиени фондации на заедницата. Овие групи се обучени за локално собирање средства, ангажирање на граѓаните и филантропија и сега создаваат локални филантропски фондови за поддршка на иницијативи. Раниот успех на локалните хуманитарни организации (ЛХО) во мобилизирањето на локалните ресурси и ангажирањето различни засегнати страни покажува дека моделот на ФЗ е одржлив и влијателен - дури и во малите заедници. Во иднина, ФЗ мора да бидат интегрирани во националните развојни агенди, поддржани од соодветни законски рамки и признаени како клучни актери во граѓанскиот ангажман и локалниот развој.

3. Силни и уникатни: Клучни карактеристики на фондациите на заедницата на Балканот



Силни и уникатни

Фондациите на заедницата на Балканот се појавуваат како витални столбови на локалниот развој и социјалната кохезија. Иако концептот на филантропија во заедницата е релативно нов во регионот, постоечките фондациите покажуваат јасна и споделена заложба да ги обликуваат своите програми според потребите и блиските врски со луѓето во заедниците на кои тие им служат. Овие фондации честопати се појавуваат како одговор на сè поизразеното согледување дека развојот мора да биде воден локално - со локални лидери што преземаат иницијативите за решавање на специфичните потреби и приоритети на нивната заедница - она што ја прави фондацијата на заедницата навистина „локална“ во балканскиот контекст не е само нејзината географска поставеност, туку збирот на дефинирачки карактеристики кои ѝ овозможуваат да биде релевантна, одржлива и доверлива во рамките на заедницата. Тие се двигателите на граѓанскиот ангажман, на градењето доверба и на локалниот развој. Имајќи предвид дека сè повеќе заедници во регионот ја препознаваат вредноста на филантропијата со локално втемелени корени, улогата на фондациите на заедницата ќе продолжи да се шири, поврзувајќи ги луѓето, идеите и ресурсите за општото добро.

Познавање на потребите на заедницата

Вистинската фондација на заедницата, пред сè, е дел од заедницата. Нејзиното физичко присуство не е симболично, туку е функционално, овозможувајќи редовна интеракција со локалните жители, со институциите и со засегнатите страни. Таа делува *одвнатре*, а не одозгора или однадвор, осигурувајќи дека нејзините приоритети произлегуваат од локалните аспирации. Постојаното консултирање на членовите на заедницата за нивните потреби им овозможува на фондациите на заедницата со текот на времето да изградат доверба и да станат сигурен партнер во справувањето со локалните предизвици.

Мобилизирање на локалните ресурси

Еден од најзначајните индикатори за вистинска фондација на заедницата е нејзината зависност од локалните ресурси. Иако надворешната поддршка може да игра улога во започнувањето или проширувањето на одредени иницијативи, одржливите фондации му даваат приоритет на мобилизирањето на локалните придонеси, без разлика дали станува збор за финансиски донации, волонтерско време, поддршка во натура или експертиза. Со негување култура на донирање во рамките на заедницата, овие фондации го промовираат локалната одговорност и ја намалуваат зависноста од странски донатори. Овој пристап не само што го зајакнува нивниот легитимитет, туку и ги охрабрува граѓаните да преземат активна улога во обликувањето на својата иднина.

Поддршка на локалните иницијативи

Фондациите на заедницата во Западен Балкан напредуваат кога дејствуваат како катализатори за локални иницијативи. Наместо да наметнуваат проекти „од горе надолу“, тие реагираат на идеи и потреби што потекнуваат од заедницата. Тие обезбедуваат мали грантови, градење капацитети и можности за вмрежување за групи од локално ниво и поединци коишто инаку можеби немаат пристап до финансирање. Овој пристап негува иновации, го поттикнува граѓанското учество и гарантира дека решенијата се прилагодени на специфичниот контекст.

Силни и уникатни

Градење филантропска инфраструктура

Друга клучна улога на фондацијата во заедницата е да гради и одржува локална филантропска инфраструктура. Ова не подразбира само собирање средства, туку вклучува и подигање на свеста и едукација на јавноста за филантропијата, создавање механизми за донирање (како што се локални фондови, донаторски фондови, донаторски кружоци, кампањи за групно финансирање или подарување) и создавање стандарди за транспарентност и отчетност. На Балканот, каде што довербата во институциите може да биде кревка, фондациите на заедницата служат како модели за етичка и ефективна филантропска пракса.

Континуирано служење на заедницата

Можеби најзначајната карактеристика на успешната фондација на заедницата е тоа што таа им припаѓа на сите граѓани. Таа не им служи на интересите на одредена група, политичка партија или донатор. Наместо тоа, се стреми да ја одрази различноста на заедницата - етнички, економски и социјално. Овој инклузивен пристап гарантира дека фондацијата е неутрален и безбеден простор за дијалог, соработка и градење заедница. Граѓаните ја гледаат како „своја“ фондација, што поттикнува ангажман и одржлива поддршка. Клучно е што, со активно вклучување на помладите генерации во својата работа, фондацијата поттикнува чувство на сопственост и одговорност кај младите, помагајќи да се обезбеди долгорочна посветеност на зајакнување на филантропијата и трајноста на заедницата.

Лидерство и управување

Зад секоја влијателна фондација во заедницата стои посветен извршен директор којшто обезбедува секојдневно лидерство и стратешка визија. Оваа улога бара длабоко разбирање на локалната динамика, одлични комуникациски вештини и способност за балансирање на очекувањата на повеќе засегнати страни. Сепак, извршниот директор не работи сам. Посветен и активен одбор на директори, честопати составен од истакнати граѓани од различно потекло, е од суштинско значење за водење на мисијата на фондацијата, обезбедување транспарентност и активно учество во нејзината работа. Во најдобар случај, членовите на одборот не се пасивни надзорници, туку видливи и ангажирани поддржувачи кои придонесуваат во процесите на собирање средства, информирање и донесување одлуки.

Отпорност преку градење доверба

Во честопати сложените социо-политички средини на Балканот, фондациите на заедницата мора да покажат прилагодливост и отпорност. Тие се соочуваат со променливи извори на финансирање, политички притисоци, а понекогаш и со скептицизам од граѓаните коишто ја изгубиле довербата во формалните институции. Останувајќи верни на своите основни вредности и одржувајќи блиски односи со заедницата, тие успеваат да ги надминат предизвиците и да излезат посилни.

4. Трасирање на сопствениот пат: Извонредни примери за прибирање средства и доделување грантови



Трасирање на сопствениот пат

Фондациите на заедницата се добро познати по својот креативен и иновативен пристап кон собирањето средства. Мотивирањето на заедницата знае да се покаже како сложена задача, но фондациите на заедницата секогаш се подготвени да одговорат на предизвикот. Имајќи слух за потребите и чувствата на заедницата во која работат, овие фондации обезбедуваат можности за поврзување и ревитализација. Тие сфаќаат дека луѓето се посклони да придонесуваат и да се поистоветуваат со каузата кога лично се пронаоѓаат во неа. Луѓето се задоволни кога гледаат дека нивниот придонес има опипливо влијание и се потпираат на фондациите на заедницата да управуваат со нивните донации, без разлика на нивната големина, со потребната трудољубивост, транспарентност и почит.

Кога ќе ги поканите пријателите и поддржувачите и ќе им понудите топли, инспиративни активности и ќе ги потсетите колку сте напредувале заедно, делот со собирањето средства ќе се наметне природно и лесно. Фондациите на заедницата се добро запознаени со своите заедници на секое ниво, особено во однос на тоа како да ги негуваат. Тие секогаш ги потсетуваат своите сограѓани на начелата за активна солидарност и, што е уште поважно, постојано се обидуваат собирањето средства да биде забавна активност за сите вклучени.



Турнир во кошарка 3x3
Автор на фотографијата: Фондација на заедницата Ниш

Фондацијата на заедницата Ниш го препозна потенцијалот на спортскиот дух и љубовта кон спортот во градот, што ја поттикна да ги покани своите корпоративни партнери и донатори да учествуваат во специјални настани: големи турнири каде што секој може барем еден ден да се чувствува како светски шампион. ФЗ Ниш започна со турнир во кошарка 3x3, идеја која нишлијците* топло ја прифатија и веднаш ги грабнаа патиките, ја платија потребната котизација за учество и ѝ помогнаа на Фондацијата на заедницата Ниш во собирањето средства за локални иницијативи. Турнирот собра 30 екипи од 22 компании во Ниш и успешно го привлече интересот и на други големи и мали претпријатија, кои понудија спонзорски договори и помош со организацијата. Свесна дека собирањето средства е трка на долги патеки, ФЗ Ниш

сфати дека не треба да го зголеми само износот на средства што треба да се соберат, туку и очекувањата. Нејзиниот следен потфат беше трката Business Run, организирана во партнерство со Deli Space, центар кој и самиот знае како да го поддржи локалниот развој преку разни уникатни активности. Нишлијците, точно 1500 на број, беа и повеќе од спремни за предизвикот, па дури и побараа од ФЗ Ниш да организира уште повеќе настани. Така, како и секоја успешна фондација на заедницата, ФЗ Ниш одговори на нивните потреби и желби со организирање турнир во падел, покажувајќи дека неконвенционалните спортови и иновативните филантропски практики можат хармонично да коегзиситираат. Преку овие настани, Фондацијата на заедницата Ниш го привлече вниманието кон своите иницијативи, всади чувство на припадност во заедницата и се избори нејзиното име да се поврзува со чувства на достигнување и единство.

За оние родени под среќна ѕвезда, **Фондацијата на заедницата Стара Пазова** нуди посебна можност за учество во годишната томбола, настан каде што најмалата задолжителна награда за секој учесник е можноста да стане донатор. Со симболичната цена на ливчето, Фондацијата на заедницата Стара Пазова на учесниците им нуди вечер со извонредна забава, дружба со пријателите и колегите и можност да станат витален дел од системот за поддршка. Томболата е вечен фаворит меѓу родителите, извршните директори, членовите на одборот, локалните активисти и сопствениците на мали бизниси бидејќи секој од нас сака да си ја испроба среќа. Клучот за успехот на томболата лежи во разновидните награди, сите великодушно донирани од заедницата. Со ливчето имате шанса да освоите летање со балон, членство во теретана, спа третман, чинија со деликатеси или 25 кг боја. Најважно од сè, ливчето ви обезбедува место во срцето на Фондацијата на заедницата Стара Пазова, што е најексклузивната дестинација што некој би можел да ја посети. Преку годишната томбола, Фондацијата на заедницата Стара Пазова собра доволно средства за годишниот повик за поддршка на граѓанските организации и на локалните иницијативи, порачувајќи дека, кога станува збор за собирање средства, секој може да дада свој придонес а тоа може да биде и забавна активност.



Годишна томбола
Автор на фотографијата: Фондација на заедницата Стара Пазова

Трасирање на сопствениот пат



Годишна томбола
Автор на фотографијата: Фондација на задницата Бијелина

Фондацијата на заедницата Бијелина имаше на ум специфична публика кога го планираше својот настан за собирање средства. Тимот беше одлично запознаен со карактеристиките и динамиката на нивната заедница и беше свесен дека луѓето се склони да учествуваат во разноразни настани доколку им се понудат значајни содржини кои се прилагодени на нивните потреби. Тие препознаа дека родителите и децата се желни за забавни и интерактивни активности соодветни за целото семејство, што претставуваше можност фондацијата на заедницата да се покаже во најдобро светло. Нејзиниот план вклучува неколку суштински елементи: голем празник проследен со слободен ден, прекрасен парк и забавна активност – потрага по велигденски јајца. Родителите и децата побрзаа да ги купат своите билети, со што ги поддржаа и настанот и Фондацијата на заедницата Бијелина. На овие настани обично се собираат околу 350 деца и приближно 700 возрасни, кои уживаат во одделни активности спонзорирани од локални бизниси и претприемачи. Преку овој уникатен настан, кој е единствен од ваков вид во нејзиниот град, Фондацијата на заедницата Бијелина обезбедува средства кои, преку отворени повици, понатаму ќе бидат распределени на различни иницијативи. Сепак, придонесот на настанот не е ограничен само на финансиските средства кои ги собира - тој гради посебна врска меѓу членовите на заедницата и ја враќа довербата, вредност која донекаде е занемарена. Смеата и радоста на учесниците ѝ овозможија на Фондацијата на заедницата Бијелина да допре до речиси секој дом (или барем до секој дом што обожава лов на богатство) и да ја пренесе пораката дека иако нивниот град можеби изгледа мал, желбата за промена е поголема од кога било. Фондацијата на заедницата Бијелина можеби повремено крие велигденски јајца, но нејзините намери се јасни и транспарентни – таа е присутна, отворена и подготвена да ја возврати љубовта која ја добива од заедницата.

Трасирање на сопствениот пат

Во близина на Бијелина, **Фондацијата на заедницата Тузла** препозна дека нејзината вистинска сила произлегува од односите што ги гради со луѓето. Секоја соработка која ФЗТ ја спроведува со општествено одговорни претпријатија, локални институции и посветени поединци претставува нов извор на поддршка за иницијативи во заедницата. Собирањето средства во овој контекст го надминува обичното собирање пари; се работи за процес кој се отелотворува преку споделување визии, активно слушање и создавање искуства што поттикнуваат чувство на припадност кон некоја повисока цел. Секое партнерство и соработка игра клучна улога во одржувањето на програмите што се прилагодени на локалните барања, осигурувајќи дека Фондацијата не само што ќе опстои, туку и ќе напредува. Во Тузла, духот на широкоградоста надалеку се слуша: кога заедницата се обединува, ресурсите растат, идеите заживуваат, а ефектите се протегаат далеку надвор од границите на Фондацијата. Како фундаментално филантропски субјект, ФЗТ користеше низа стратегии за собирање средства, почнувајќи со кутии за донации поставени во трговски центри, а потоа и обезбедување услуги за локалните бизниси. Со текот на годините, научи и како да управува со тематски фондации и фондации по препорака на донаторите за цели на поддршка на локални иницијативи. Истакнат пример за стратешка филантропија во рамките на Фондацијата на заедницата Тузла е основањето на „Доброволен фонд Менсур и Јасмина Алиќ“, тригодишен доброволен фонд основан од филантропите и сопствениците на бизниси Менсур и Јасмина Алиќ. Со буџет 45.000 евра, фондот ги поддржува локалните проекти за зачувување на животната средина, јавното здравство и културните иницијативи низ целиот кантон Тузла, доделувајќи мали грантови. Фондот ја отелотворува посветеноста на основачите да ѝ возвратат на заедницата што придонела за нивниот успех и да ги мотивираат другите да го следат нивниот пример. Фондацијата гарантира транспарентно управување и усогласување со приоритетите на заедницата, истовремено истакнувајќи колку е важно да се одржуваат трајни односи со донатори како што е семејството Алиќ. Овие соработки се неопходни за да се одржи динамична локална филантропска средина и да се обезбеди трајно влијание што се протега подалеку од почетната финансиска поддршка.



Денови на филантропија 2024
Автор на фотографијата: Фондација на заедницата Тузла

Во Гевгелија, Северна Македонија, **Фондацијата Аполонија** (иницијатива на ФЗ) имаше осмислено извонреден концепт кога го организираше својот прв „Донаторски кружок“.Тимот знаеше што ги поврзува луѓето во нивната заедница и дека граѓаните се спремни да се ангажираат и да придонесат кога им се пристапува на искрен и инспиративен начин. Фондацијата Аполонија препозна дека нивните соседи, бизнисите и училиштата се желни за момент на заедништво и повисока цел и се одлучи да биде пример за другите. Нејзиниот план содржеше неколку внимателно обмислени стратегии: истовремено ги повикуваше локалните бизниси да обезбедат соодветни донации и ги мотивираше граѓаните, организациите и филантропите да дадат свој придонес; ја мобилизираше заедницата преку персонализирани активности за информирање, кампањи на социјалните медиуми и директна комуникација, осигурувајќи дека се вклучени луѓе од сите возрасти и од училиштата; спроведе онлајн кампањи за подигање на свеста за да ја покаже важноста на Донаторскиот кружок и влијанието на филантропијата во заедницата; нејзиниот лидерски тим остана активно вклучен во текот на целиот процес, од изборот на граѓански организации до поврзувањето на локалниот акциски центар со деловната заедница. Резултатите беа извонредни: учествуваа над 110 донатори и се собраа повеќе од 471.000 денари, далеку надминувајќи ја почетната цел од 180.000. Училиштата „Владо Кантарџиев“, „Крсте Мисирков“ и „Ристо Шуклев“ ги вклучија децата и родителите во базари, талент шоуа и кутии за донации, што придонесе во собирањето на вкупните средства. Настанот прерасна во прослава на солидарноста, при што локалните граѓански организации ги поддржуваа меѓусебните иницијативи, а заедницата покажа колку може да биде силна кога луѓето во неа се обединети.

Фондацијата Аполонија не беше задолжена за мисијата „Аполо“, но нивните напори беа подеднакво успешни — тие се тука, слушаат и ѝ помагаат на својата заедница да достигне нови височини.



Донаторски кружок Гевгелија
Автор на фотографијата: Фондација Аполонија

5. Поглед кон иднината: Како да изградиме трајна мрежа на поддршка надвор од националните граници



Поглед кон иднината

Организациите што ги поддржуваат фондациите на заедницата имаат клучна улога во зајакнувањето на инфраструктурата, капацитетите и одржливоста на фондациите на заедницата преку обезбедување техничка помош, стратешко водство и споделување знаења. Организациите што ги поддржуваат фондациите на заедницата и водечките фондации на заедницата во Србија, Македонија и Босна и Херцеговина (Траг, Конект, Фондацијата на заедницата Тузла) ги делат основните вредности како доверба, транспарентност и зајакнување на заедницата, иако секоја развива малку поинаков модел обликуван според нејзините специфични особености. Иако пристапите кон градење капацитети, мобилизација на ресурси и застапување може да се разликуваат, сите што обезбедуваат ваков вид на поддршка ги обединува иста визија – зајакнување на фондациите на заедницата како искри на локална промена. Истовремено, организациите што ги поддржуваат фондациите на заедницата се соочуваат со специфични предизвици на национално ниво, од снаоѓање низ правните рамки до обезбедување финансиска одржливост; сето тоа бара примена на прилагодени стратегии, но и отвора простор за меѓусебно учење и инспирација што ги надминува националните граници. Комбинацијата од овие специфични карактеристики ќе го обликува идниот развој на движењето и соработката.

Фондацијата на заедницата Тузла ќе продолжи да го надградува својот иновативен процес на собирање средства и ангажирање на заедницата за да го зајакне новоформираниот Центар за демократија, да ги продлабочува партнерствата со граѓаните и бизнисите, и да поттикнува локални иницијативи што создаваат одржливи решенија. Водена од богатата филантропска традиција на Тузла, Фондацијата на заедницата Тузла ќе се стреми да ја унапреди културата на донирање и солидарност овозможувајќи им на луѓето да ја обликуваат иднината на својата заедница. Напорите на ФЗТ насочени кон создавање фондација со национално значење и присуство ќе продолжат преку понатамошен развој и управување со платформата за групно финансирање doniraj.ba, значаен канал за босанската солидарност. Споделувајќи го своето 22-годишно искуство и ресурси со новите фондации на заедницата во земјата, ФЗТ ќе продолжи посветено да работи на остварувањето на својата цел – да придонесе за понатамошен развој и раст на движењето на фондациите на заедницата во Босна и Херцеговина и Западен Балкан.

Фондацијата Траг ќе продолжи да инвестира во движењата на фондациите на заедницата во Србија и Босна и Херцеговина, со истовремено мапирање на потребите и желбите на фондациите на заедницата и на нивните тимови. Следните чекори ќе бидат внимателно дизајнирани и прилагодени за да ги поддржат нивните аспирации, да ги исполнат нивните приоритети и да бидат одраз на ентузијазмот што го вложуваат во движењето. До крајот на 2025 година, три нови фондации на заедницата од Кралево, Крагуевац и Браничевскиот округ ќе бидат официјално регистрирани и ќе продолжат по патот на учење и развој, заедно со нивните поискусни колеги – воспоставувањето и одржувањето на функционална мрежа на фондации на заедницата ќе биде заветот на Фондацијата Траг за следните години, преку постојано унапредување на експертизата и присуството на овие фондации.

Поглед кон иднината

Конект остануваат посветени на унапредување на локалната филантропија, поддржувајќи ги иницијативите на локалните акциски јадра. Улогата на Конект како организација за поддршка на фондациите на заедницата (ОПФЗ) е клучна во обезбедување менторство, обука и поврзување на фондациите со донатори и засегнати страни. Иницијативите како што се донаторските кружоци можат да помогнат во градење видливост и кредибилитет. Сепак, одржливоста и понатаму е кревка и зависна од охрабрувањето и менторството што го нуди ОПФЗ. Инспирирани од успешните примери за собирање средства од страна на локалните фондации во Ниш и Тузла, Конект ќе ги реплицира проверените модели, како што се онлајн-аукцијата во Ниш (која вклучуваше тениско топче донирано од Новак Ѓоковиќ) и искуството на Тузла во промовирање паметно донирање преку платформи за групно финансирање како што се www.opop.mk во Северна Македонија и Doniraj.ba во Босна и Херцеговина.

Визијата за идната соработка меѓу организациите што ги поддржуваат фондациите на заедницата на Западен Балкан е обликувана од утврдените потенцијали за размена на знаења, проширување на експертизата и застапување на фондациите на заедницата на локално и на глобално ниво. И што е најважно, тие имаат за цел да ѝ помогнат на секоја фондација на заедницата да ја зачува својата уникатност, а при тоа да остане отворена и флексибилна за нови идеи и пристапи. Оперативниот контекст за фондациите на заедницата во Западен Балкан е исклучително комплексен и честопати предизвикува чувство на изолација. Напорите и достигнувањата можат да делуваат незабележано во однос на поразвиените средини, што е демотивирачки фактор, особено во услови на постојани социо-економски кризи со коишто се соочуваат. Сепак, додадената вредност на нивната заедничка работа лежи во синергијата, адаптибилноста и солидарноста меѓу организациите, што им овозможува да учат една од друга, да одговорат на локалните предизвици и да го зајакнат движењето на фондациите на заедницата во регионот. Како дел од поширокатa европска мрежа, тие остануваат поврзани со глобалната заедница, осигурувајќи дека, и покрај различните социо-економски реалности во секоја балканска земја, движењето ќе продолжи да напредува во чекор со остатокот од светот. Додека погледите им се насочени кон иднината, фондациите на заедницата и организациите што ги поддржуваат во Западен Балкан знаат дека, без разлика на пречките – нема ништо посилно од вистински пријател на кој можеш да се потпреш.

6. Мапирање на движењето: Фондации на заедницата и организации за поддршка во Србија, Босна и Херцеговина и Северна Македонија



БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

Фондација на заедницата Тузла

Веб страница: www.fondacijatz.org
https://www.facebook.com/FondacijaTZ/
https://www.instagram.com/fondacija_tuzlanske_zajednice/
https://ba.linkedin.com/company/tuzla-community-foundation

Фондацијата на заедницата Тузла, основана во 2003 година, е создадена како заедничка иницијатива на граѓаните на Тузла, Меѓународната програма за младинско партнерство (YEPP) и германската фондација „Freudenberg Stiftung“.Таа е првата фондација на заедницата во Босна и Херцеговина и пионерски пример во регионот на Западен Балкан. Со седиште во градот Тузла, фондацијата е создадена за да ги поддржува иницијативите водени од граѓаните и да поттикнува одржлив локален развој преку филантропија, граѓански ангажман и инклузивно донесување одлуки. Со инвестирање во локално лидерство, образование, младински и културни програми, денес фондацијата има клучна улога во градењето на социјалната кохезија и зајакнувањето на заедниците во целата земја.



Фондација на заедницата Тузла

Мапирање на движењето

СРБИЈА

Фондација Траг

Веб страница: https://tragfondacija.org/
https://www.facebook.com/tragfondacija
https://www.instagram.com/tragfondacija
https://www.linkedin.com/company/trag-fondacija

Фондацијата Траг е водечка национална и регионална фондација за доделување грантови што ги зајакнува граѓанските организации и граѓаните да ја обликуваат својата заедница. Преку својата клучна програма „Нашата локална фондација – Заедницата има збор“, Траг го поддржува воспоставувањето и растот на фондациите на заедницата како долгорочни платформи водени од граѓаните коишто се посветени на филантропија и граѓански ангажман. Како резултат на тоа, фондации на заедницата се воспоставени во Панчево, Стара Пазова и Ниш во Србија, како и во Бјелина, Зеница и Сараево во Босна и Херцеговина, додека иницијативни групи во Браничевскиот округ, Кралево и Крагуевац се на пат да станат целосно развиени фондации на заедницата. Поттикнувајќи го растот на оваа регионална мрежа, Траг има клучна улога во градењето на одржлив локален развој, солидарност и значајно учество на граѓаните во Србија и Западен Балкан.



Фондација Траг

Мапирање на движењето

СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Конект

Веб страница: https://konekt.org.mk/
https://www.facebook.com/Konekt.mk
https://www.instagram.com/konekt.ngo
https://www.linkedin.com/in/konekt-skopje

Конект е водечка организација на граѓанското општество во Северна Македонија што ги зајакнува граѓанските групи и заедниците да го обликуваат своето опкружување. Преку своите програми, Конект го поддржува развојот на фондации на заедницата како долгорочни платформи водени од граѓани, посветени на филантропија и граѓански ангажман. Локални акциски центри се воспоставени во Струмица, Охрид, Гостивар, Битола, Шуто Оризари, Чаир и Гевгелија, со лидерски групи кои Конект ги обучува и менторира за развој на локална филантропија. Раните резултати, меѓу кои и првите локални донаторски кружоци на кои девет граѓански иницијативи собраа средства од околу 200 локални донатори, го докажуваат ефективноста на овој модел. Градејќи врз овој успех, Конект ги поддржува локалните акциски центри во создавањето на нивните први локални филантропски фондови и воведувањето програми за грантови. Преку обезбедување стручни насоки и споделување на најдобрите практики од фондациите на заедницата на Западен Балкан, Конект стратешки го зајакнува локалниот ангажман, ја поттикнува филантропијата и им помага на заедниците низ Северна Македонија да напредуваат и да се развиваат.



Конект



Наслов на проектот: ***Фондации на заедницата – Зајакнување на локалната филантропија на Западен Балкан***

Авторки и уреднички на материјалот: Амила Читаковиќ и Јана Шариќ

Датум на издавање: октомври 2025 година

Оградување: Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка од Фондот за Западен Балкан и кофинансирана од Европската Унија. За содржината на оваа публикација единствено е одговорен корисникот и таа во никој случај не може да се толкува како одраз на ставовите на Фондот за Западен Балкан и Европската Унија.